| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Локална урбанистичка планска документација за лесна и незагадувачка индустрија (Г2) на КП 1198/2, 1197/2 и дел од КП 1197/1 и 1198/1, КО Долно Лисиче вгр, општина Аеродром |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Друштво за новинско издавачка дејност, меркетинг и трговија ТЕКТОН ДОО, Скопје |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Совет на Општина Аеродром |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Мила Искреновиќ, д.и.а |
| **Назив на работното место** | Дипломиран инженер архитект |
| **Контакт податоци за лицето** | 070 349 794 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18-3527/5
04 OCT 2019 год.
СКОПЈЕ

| Основни податоци за планскиот документ |
| --- |
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Изработка на Планската програма за ЛУПД за лесна индустрија (Г2) на КП 1198/2, 1197/2 и дел од КП 1197/1 и 1198/1, КО Долно Лисиче вгр, општина Аеродром е законска обврска по член 26 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).<br><br>Планскиот опфат е надвор од границите на урбанистички планови и урбанистичко плански документации.<br><br>ЛУПД ќе се изработи врз основа на Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ Тех. Бр. Y 12619. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| / |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да, просторно и урбанистичко планирање |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** |

| | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| **Да** ☒<br>**Не** ☐ | **Член:** 3 | **Точка:** 13 | **Алинеја:** / |

| |
| --- |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Не |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА,<br>наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Не |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |

| |
|---|
| Локалната урбанистичка планска документација ги зацртува основните правци на просторниот развиток на општината, согласно Просторниот план на Републиката, со цел да се постигне оптимална просторна организираност и функционална опременост на просторот за одреден временски период.<br><br>Оваа ЛУПД се донесува со цел на предвидената локација да се изгради стопански комплекс.<br><br>Основна цел на секое општество е да обезбеди здрава, хумана и фукционална средина за живеење и работа. Реализација на просторот се остварува преку реализација на урбанистички планови и урбанистичко плански документации. За да се испланира квалитетен простор кои ќе има своја реализација треба да се анализира постојната состојба, плановите од повисок ред и да се даде предлог концепт на органзација на просторот кој ќе овозможи негова реализација.<br><br>Со ЛУПД се предвидува класа на намена на земјиштето- лесна и незагадувачка индустрија, а освен основната се предвидуваат и компатибилни класи на намена.<br><br>Според тоа, предметната ЛУПД за лесна и незагадувачка индустрија (Г2) на КП 1198/2, 1197/2 и дел од КП 1197/1 и 1198/1, КО Долно Лисиче вгр, општина Аеродром претставува плански документ за кој не е потребно да се спроведе постапка за Стратегиска оцена на животната средина заради фактот што дејноста која ќе се реализира во просторот нема да генерира емисии во животната средина, кои ќе реперкуираат со значителни влијанија врз медиумите во животната средина и жителите. |
| **Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Просторно и урбанистичко планирање |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| Пет години |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| По истекот на пропишаниот плански период |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).** |

Апроксимативна површина на планскиот опфат која е дефинирана во ЛУПД за лесна индустрија (Г2) на КП 1198/2, 1197/2 и дел од КП 1197/1 и 1198/1, КО Долно Лисиче вгр, општина Аеродром е 0,90ха.

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки по Х и У координати:

| | |
|---|---|
| X=7543448.6282 Y=4646163.4520 | X=7543511.4271 Y=4646150.3015 |
| X=7543449.4600 Y=4646163.3400 | X=7543447.3808 Y=4646012.8979 |
| X=7543462.3791 Y=4646160.8581 | X=7543390.7167 Y=4646037.8810 |
| X=7543467.2100 Y=4646159.9300 | X=7543407.0300 Y=4646072.5800 |
| X=7543487.2500 Y=4646155.6600 | X=7543421.7400 Y=4646104.2400 |
| X=7543505.7900 Y=4646151.4300 | X=7543448.6282 Y=4646163.4520 |

Граница на планскиот опфат е:

- Север: дел од КП 1198/2 и 1198/1, КО Долно Лисиче вгр
- Исток: дел од КП 1198/1 и 1197/1
- Југ : дел од КП 1197/1
- Запад : КП 1199



| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
|---|
| Да ☐<br>Не ☒ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина** (Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето). | |
|---|---|
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.** Со реализација на планскиот документ се предвидува изградба на објекти на земјиште на кое е предвидена класа на намена- лесна и незагадувачка индустрија- стопански комплекси, што како активност нема значително влијание врз животната средина. Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на оваа ЛУПД, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Изградбата на планираните објекти во рамките на планскиот опфат се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, и во крајна мера обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот.<br><br>Меѓутоа, веројатноста дека усвојувањето на ЛУПД ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на градба на планираните објекти.<br><br>Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок. |
| | Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација на објектите се проценуваат како не многу значајни, но со долгорочен карактер, имајќи го предвид фактот дека планираните објекти долгорочно ќе опстојуваат на оваа локација. Во фазата на експлоатација на објектите се очекува фрекфенција на возила, со што се очекува зголемување на количината на издувани гасови во воздухот, зголемено ниво на бучава, а на самата локација и зголемена продукција на различни видови на отпад. |

| | |
|---|---|
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Изградбата на предвидените содржини на предметната локација ќе има кумулативно влијание врз животната средина, кое пред се ќе се огледа на штетното влијание врз амбиенталниот воздух, поради зголемената фреквенција на возила, како и во зголемувањето на количеството на создаден отпад (комунален), во фазата на градба на предвидениот објект.<br><br>Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Нема опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина како резултат на несреќи и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Опфатот на планскиот документ е со површина од 0,90ха, која се наоѓа на КП 1198/2, 1197/2 и дел од КП 1197/1 и 1198/1, КО Долно Лисиче вгр, општина Аеродром. Пристапот до градежната парцела е од постоен локален асфалтиран пат од северната страна и локален земјен пат од западната страна. |

| |
|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** |
| Планските решенија во Локална урбанистичка планска документација базира на определбата за изградба на објекти со доминантна намена за стопански активности.<br><br>Атрактивноста на просторот кој се карактеризира со исклучителна поволност во однос на сообраќајната поврзаност која обезбедува лесен пристап и фреквентност на просторот, придонесува за поголемо вреднување на планските решенија кои се предмет на аналитичкиот осврт за изработка на економско образложение на планското решение во Урбанистичкиот план.<br><br>Во економската валоризација на Планот значајно влијание ќе има определбата за примена и користење на најсовремени висококвалитетни природни и еколошки материјали при изградбата на објектите.<br>Изградбата и ставањето во функција на предвидената намена, ќе обезбеди остварување на стопански и други видови активности со директни економски ефекти врз локалната и национална економија.<br><br>Економското ефектуирање на планското решение ќе отпочне со реализација на предвидените инвестиции за изградба на комплексот предвиден со Планот. |

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**

Предметната локација се наоѓа на катастарските парцели КП 1198/2 и 1197/2, КО Долно Лисиче вгр (сопственост на инвеститорите) и дел од катастарските парцели КП 1197/1 и 1198/1 (сопственост на РМ). При изработката на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасната контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба.

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | На предметната локација не е евидентирано културно наследство. Со изградба на предвидените содржини ќе се постигне подобра пејзажна и функционална компонираност со околината. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Доколку земјиштето на кое ќе се градат објектите претставува земјоделско земјиште, треба да се пренамени во градежно за да може да се отпочне со градба на предвидените содржини. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја** | Нема |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со ЛУПД се предвидува класа на намена на земјиштето- лесна и незагадувачка индустрија (Г2), а покрај основната класа на намена, се предвидува компатибилна класа на намена како и заштитно зеленило во рамките на градежната парцела..

Со планскиот документ се предвидуваат изградба на објекти за кои не е предвидено спроведување на постапка за ОВЖС(EIA)- оцена на влијанието врз животната средина.
Големината на градежната парцела е 0,90ха.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Со планскиот документ се предвидува да се изгради стопански комплекс. Предметната локација се наоѓа вон населено место. Не се очекува предвидените објекти за градење (лесна и незагадувачка индустрија) да имаат негативно влијание врз околните објекти, ниту пак на непосредната околина.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој(да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**

Донесувањето на оваа ЛУПД ќе има влијанија кои се огледаат во следните области од животната средина:

- воздух- активностите за изградба на предвидените објекти и нивното функционирање ќе влијаат врз квалитетот на воздухот, пред се поради емитувањето на штетни гасови од возилата и градежната механизација која ќе сообраќа до предметната локација(во текот на изградба на предвидените објекти). Сепак се оценува дека ова влијание нема значително да го загрози квалитетот на воздухот.
- површински и подземни води- со реализација на оваа ЛУПД не се очекуваат значителни влијанија врз површинските и подземните води. Планските решенија за комуналната инфраструктура, собирањето на фекалните и атмосферски води од планскиот опфат и поврзување со постојната мрежа, овозможува евентуалните негативни влијанија врз подземните и површинските води да се детерминираат кон извори на емисија кои се резултат на функционирањето на планираните објекти во стопанскиот комплекс. Тоа подразбира детална идентификација на овие извори при имплементација на овој ЛУПД со цел преземање на соодветни мерки за спречување и елиминирање на негативните влијанија врз подземните и површинските води. Тоа практично значи дека секој од деловните субјекти кои претставува извор на технолошки отпадни води ќе треба да преземе активности за нивен соодветен третман во рамките на самиот деловен субјект, што претставува законска обврска.
- бучава- во фазата на реализација на проектот се очекува зголемено ниво на бучава на предметната локација. Имајќи предвид дека локацијата за која се работи оваа ЛУПД се наоѓа покрај постоечки пат, не се очекува значајно негативно влијание врз животната средина.
- отпад- во фазата на реализација и експлатација на содржините предвидени во рамките на предметната локација се очекува зголемување на количеството на продуциран отпад. Доколку со истиот не се постапува согласно позитивните законски норми, може да бидат предизвикани значајни влијанија врз медиумите од животната средина (почва, подземни води, воздух итн.).
- флора и фауна- реализацијата на објектите предвидени во планскиот опфат ќе доведе до деградирање на живеалиштата на одредени видови фауна, и прекинување на ареалите на движење, се очекува раселување на дел од животинскиот свет. Посебно заради фактот дека птиците се осетливи на човековото присуство, се очекува предвидениот стопански комплекс, врз нив да има најголемо влијание. Динамиката на ваквите влијанија ќе завист од динамиката на реализирање на населбата. Негативните влијанија ќе бидат локални, но не се очакува да бидат значителни.

Во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна, ендемични и загрозени видови, како и карактеристични живеалишта.

Од аспект на одржливост, донесувањето на ЛУПД позитивно ќе влијае врз:

- привлекување на нова работна сила и вработување,
- обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот,
- зголемување на доходот по глава на жител и стапката на економски раст, како и
- зголемување на нивото на животен стандард во општината.

Предвиденото планско решение како алтернатива дава широки можности за заживување и иден развој на поширокиот простор на локацијата во разни насоки, односно дава можност просторот од неатрактивно земјоделско земјиште да прерасне во простор кој ќе даде голем придонес за развојот на регионот, локалната и националната економија.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина:

- зголемување на нивото на загадување на воздухот (предизвикано од издувните гасови на возилата кои ќе сообраќаат во текот на изградбата на стопанскиот комплекс);
- загадување на површинските и подземните води(доколку не се придржува инвеститорот до предвидените проекти за водоводна мрежа и фекална и атмосферска канализација);
- зголемување на нивото на бучава (предизвикано од градежните активности, како и од сообраќањето на возилата во фаза на експлоатација);
- зголемување на количината на продуциран отпад (како во фаза на реализација, така и во фаза на експлатација на објектите предвидени во планскиот опфат);
- уништување на природните реткости;
- уништување на пределот.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Предметната ЛУПД е базирана директно на ЛУПД ќе се изработи врз основа на Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ Тех. Бр. Y 12619. Исто така, изработката на оваа ЛУПД има допирни точки со:

- Просторен план на Република Македонија 2002-2020 година;
- Вториот Национален еколошки акционен план на РМ (НЕАП II, 2006);
- Национална стратегија за одржлив развој, 2009;
- Стратегија за управување со отпад во Република Македонија 2008-2020;
- Националниот План за управување со отпад, 2009-2015;
- Стратегија за мониторинг на животната средина 2004;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина, 2003.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена во поранешната фаза на донесување на други плански документи.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Пред изградба на поединечните проекти/ објекти, кои влегуваат во состав на ЛУПД ќе се оцени потребата од изработка на Студија за оцена на влијание на објектите врз животната средина/ Елаборат за заштита на животната средина.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Градоначалник,<br>Златко Марин |
| **Датум:** 03.10.2019 година<br>**Место:** Скопје | **М.П.** |